‚Почекај да помине периодот на менструацијата и потоа избањај се

Од Аиша, мајката на верниците, радијаллаху анха, пренесено е дека кажала: „Уму Хабиба бинт Џахш, сопругата на Абдур-Рахман бин Авф, му се пожалила на Аллаховиот Пратеник за крвта што излегувала од неа, па тој ѝ рекол: ‚Почекај да помине периодот на менструацијата и потоа избањај се.‘ Таа, после тоа, се бањаше за секој намаз.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Асхабијката му се пожалила на Аллаховиот пратеник, алејхи селам, за постојаното крварење што го имала. Пратеникот ѝ наредил да не клања намаз сè додека ѝ трае менструацијата, а пред да започне нејзиното неправилно крварење. Кога ќе помине тој период, нека се избања и може да клања. И покрај тоа таа доброволно се бањала за секој намаз.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/10015